# Службен гласник на Општина Делчево

# Број 13

# 04.06.2025 година

**Уредува**

**Излегува по потреба**

**Одделение за правни и општи работи**

**јуни, 2025**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 04.06.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од 48. Седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Сл.гласник на Општина Делчево“, актите донесени на 48. Седница одржана на **02.06**. **2025** година:

1. **Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Објект со намена А4 викенд- куќа згр. бр. 3** –по барање на **Богатин Постолов;**

2. **Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект за селско стопанство згр. бр. 4** –по барање на **Богатин Постолов;**

3. **Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект станбена куќа згр. бр. 1** –по барање на **Митко Стоименовски**

4. **Одлука за вклопување на бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко планска документација** зграда бр.2 - Објект **со намена А1 – станбена куќа** по барање на **Бобан Павловски**

5. **Одлука за разрешување и именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско претстапништво**.

6. **Одлука за одобрување финансиски средства по Барање бр. 25-1064 од 28.04.2025 од жители на с. Косово Дабје.**

7. **Заклучок за неусвојување на Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“ Делчево.**

8. **Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2025 г.**

9. **Програма за дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025**

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08- 1326/1**
**04.06. 2025 год.**
**Делчево**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Горан Трајковски**

1. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 48 Редовна седница, одржана на ден 02.06. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект со намена А4 викенд куќа згр. бр. 3** –по барање на **Богатин Постолов**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**2446** од **03.09.2011** година, од страна **Богатин Постолов ул.„Маршал Тито бр.176“ - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект со намена А4 викенд куќа –** означен во елаборат како зг. реден бр. **3** изграден на КП бр. **785 КО Чифлик** запишана во имотен лист бр. **119 и** КП бр. **1428 КО Чифлик** запишана во Имотен лист бр. **76** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1300/1**
**02.06. 2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов**

2. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ), Советот на Општина Делчево на својата 48 Редовна седница, одржана на ден 02.06. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект помошен објект за селско стопанство згр. бр. 4** –по барање на **Богатин Постолов**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**2446** од **03.09.2011** година, од страна **Богатин Постолов ул. „Маршал Тито бр.176“ - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект помошен објект за селско стопанство –** означен во елаборат како зг. реден

бр. **4** изграден на КП бр. **785 КО Чифлик** запишана во имотен лист бр. **119 и** КП бр. **1428 КО Чифлик** запишана во Имотен лист бр. **76** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-1301/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02.06. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

3. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ" 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 48 Редовна седница, одржана на ден 02.06. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект станбена куќа згр. бр. 1** –по барање на **Митко Стоименовски**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12 - **908** од **22.08.2011** година, од страна **Митко Стоименовски ул. „Ленинова бр.11" - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зг. реден бр. **1** изграден на **КП бр. 2144 КО Делчево** запишан во Имотен лист бр. **10499** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-1302/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02.06. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

4. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник

на РМ“ 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ), Советот на Општина Делчево на својата 48. Редовна седница, одржана на ден 02.06.2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за вклопување на бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко планска документација**
зграда бр.2 - Објект **со намена А1 – станбена куќа** по барање на **Бобан Павловски**

**Член 1**
Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**2348** од **02.09.2011** година, од страна на **Бобан Павловски со адреса на ул.„Маршал Тито“ бр. 164**, а кое се однесува на бесправно изграден објект - **намена А1 – станбена куќа**, означен во елаборат како **зграда бр.2** изграден на КП бр.**8722/4 КО Делчево** запишана во имотен лист бр**. 10623** кој бесправен објект е во опфат на Генерален урбанистички план за Делчево, а во зона со намена која е различна од предвидената намена во урбанистичката документација, Г2 (лесна индустрија) - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ, Советот на Општина Делчево констатира дека за објектот може да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко планска документација.

**Член 2**
Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1303/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02.06. 2025 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов**

**5.** Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), член 22 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а во врска со член 158 и 159 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македониј бр.148/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 152/19 и бр.275/19), Советот на Општина Делчево на својата 48. Седница, одржана на ден 02.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Делчево**

**Член 1**
Се разрешуваат следниве членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Делчево:

1. **Марија Симова** – претставник од Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево;
2. **Ванчо Стојмирски**-претставник од Совет на родители на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево
3. **Анастасија Симовска**- претставник од Унијата на средношколци;
4. **Бранко Тричковски**-јавен обвинител од Основното јавно обвинителство

**Член 2**

За членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Делчево, се именуваат:

1. **Емилија Димитровска**– претставник од Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево;
2. **Ана Ситновска- Димитровска**- претставник од Совет на родители на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево
3. **Сара Ангелова**- претставник од Унијата на средношколци;
4. **Благој Митевски** -јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Делчево

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 – 1304/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02.06. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

6.Врз основа на член 36 став 1 точка 1 Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 22 Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата 48 Седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиски средства**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Делчево одобрува финансиски средства во износ од **60.000 денари** за санирање на критичните точки на неасфалтираниот дел на локалниот пат кон с. Косово Дабје, Делчево.

**Член 2**

Средствата ќе се исплатат на име на Миле Николовски, со адреса на живеење „Острец“ бр. 2 од Делчево, а на жиро- сметка 240167006873979 при УНИ БАНКА банка Ад Скопје, како претседател на Месна заедница на с. Косово Дабје кој има обврска да ги исплати средствата на лицето/фирмата што ќе биде задолжено за санација на критичните точки на неасфалтираниот дел на локалниот пат кон с. Косово Дабје, Делчево.

**Член 3**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Делчево .

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Делчево“.

**Бр. 09 -1305/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**02. 06. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

7.Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) ичлен 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и

„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), Советот на Општина Делчево на својата 48 Редовна седница, одржана на ден 02. 06.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за НЕУСВОЈУВАЊЕ на Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2025 -31.03.2025**

1. **Не се усвојува** Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот 01.01.2025 -31.03.2025 година, број 0102-304/1 од 30.04.2025 година, усвоен од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево со Одлука број 0202-310/2 од 05.05.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 - 1306/1**
**02.06. 2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Гоце Попов**

8.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (“Сл.весник на РМ’’ бр.64/2005, 04/2008, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и “Сл.весник на РСМ’’ 151/21,272/24 и 3/25), Советот на Општина Делчево на 48-та редовна седница одржана на ден 02.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

За проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево
За 2025 година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево За 2025 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | САМОФИНАН | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки : | | | | | |
| 741114 | Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 49.200 | 19.837 | 0 | 0 |
| | | **849.200** | **4.913.130** | **0** | **0** |
| 723116 | Надоместоци за оброци во ученички и студентски домови, училишта, градинки и други институции | 800.000 | 0 | 0 | 0 |
| 741114 | Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 0 | 914.773 | 0 | 0 |
| | | **849.200** | **4.913.130** | **0** | **0** |
| 741114 | Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 0 | 2.998.620 | 0 | 0 |
| | | **849.200** | **4.913.130** | **0** | **0** |
| 741114 | Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 0 | 979.900 | 0 | 0 |
| | | **849.200** | **4.913.130** | **0** | **0** |

и се распредуваат на следните расходни потставки :

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **К10** | **БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | | |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 0 | 1.400 | 0 | 0 |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | 3.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 31.200 | 13.437 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 1.400 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 10.000 | 3.600 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 5.000 | 0 | 0 | 0 |
| **Н10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421220 | Дрва | 0 | 130.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 270.000 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 800.000 | 400.000 | 0 | 0 |
| 485710 | Книги за библиотеки и учебници | 0 | 4.773 | 0 | 0 |
| **Н20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 70.000 | 0 | 0 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 425310 | Правни услуги | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | 0 | 250.000 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 600.000 | 0 | 0 |
| 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 0 | 140.000 | 0 | 0 |
| 482920 | Изградба на други објекти | 0 | 1.140.000 | 0 | 0 |
| 483110 | Купување на канцелариски мебел | 0 | 400.000 | 0 | 0 |
| 485710 | Книги за библиотеки и учебници | 0 | 3.620 | 0 | 0 |
| **В10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 279.900 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| | | **849.200** | **4.913.130** | **0** | **0** |

Бр.09-1307/1
02.06.2025 година

Претседател на Советот на Општината
Гоце Попов

9.Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр.32/2020) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ број 5/2002), Советот на Општина Делчево на 48 Седница одржана на ден 02.06.2025 год. Донесе

**Програма**
**за дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025**

**Член 1**

Со оваа Програма се врши дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 г донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр. 09-240/1 од 29.01.2025 г.

**Член 2**

Во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 г донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр. 09-240/1 од 29.01.2025 г., се врши следното дополнување:

Во поглавјето „Урбанистички планови за град Делчево“ по точката 10.26 се додава една нова точка – точка 10.27, која гласи: **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за формирање на ГП 1 за изградба на површинска соларна и фотоволтаична електрана со моќност до 1MW (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на делови од КП 1390, КП 1391, КП 1392, КП 1393, КП 1400 и КП 1401 КО Очипала Општина Делчево.**

Овој локалитет ги опфаќа делови од КП 1390, КП 1391, КП 1392, КП 1393, КП 1400 и КП 1401 КО Очипала Општина Делчево.

**Член 3**

Во поглавјето „Урбанистички планови за град Делчево“ по точката 10.27 се додава една нова точка – точка 10.28 која гласи: **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за формирање на ГП 1 за изградба на површинска соларна и фотоволтаична електрана со моќност до 1MW (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на делови од КП 1392, КП 1395, КП 1400, КП 1403, КП 1405 и КП 1408 КО Очипала Општина Делчево.**

Овој локалитет ги опфаќа делови од КП 1392, КП 1395, КП 1400, КП 1403, КП 1405 и КП 1408 КО Очипала Општина Делчево.

**Член 4**

Во поглавјето „Урбанистички планови за град Делчево“ по точката 10.28 се додава една нова точка – точка 10.29 која гласи: **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за формирање на ГП 1 за изградба на површинска соларна и фотоволтаична електрана со моќност до 1MW (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на делови од КП 1410, КП 1411, КП 1412, КП 1413, КП 1417 и КП 1420 КО Очипала општина Делчево.**

Овој локалитет ги опфаќа делови од КП 1410, КП 1411, КП 1412, КП 1413, КП 1417 и КП 1420 КО Очипала, Општина Делчево.

**Член 5**

Програмата за дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 донесена од страна на Советот на Општина Делчево се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Со донесувањето на оваа Програма, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно со законската регулатива, а на трошок на поднесувачот на Иницијативата согласно со неговата Забелешка- Изјава дадена во Барањето.

**Член 7**

Оваа Програма стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09 –1308/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНАДЕЛЧЕВО**
**02.06. 2025 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**